**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за грант за практиканство/волонтерство**
**за академската 2018/2019 година**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“, објавува повик за грант за практиканство/волонтерство за академската 2018/19 во рамки на проектот: **„Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“**, финансиски поддржан од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Практиканството/волонтерството има за цел да ги поддржи студентите Роми во стекнување знаења, вештини и искуство во рамки на одредени работни организации/институции, кое ќе ја зголеми нивната подготвеност за вклучување во пазарот на трудот/институциите во Република Македонија. Практиканството/волонтерството на студентите Роми ќе биде можност за контакти и работа со вработените во одредени работни организации/институции за понтамошно надградување во својата кариера.

### Временски период на практиканството/волонтерството

Практиканството/волонтерството се планира да трае најмногу два месеци. Сите апликанти за грантот за практиканство/волонтерство ќе треба да посочат временски период од два месеци во нивните апликации, период во кој се во можност да го спроведат нивното практиканство/волонтерство.
Временскиот период во кој можете да го спроведете двомесечното практиканството/волонтерството е март – мај 2019.

### Работни задачи на практикантите/волонтерите

- Практикантот/волонтерот ќе треба да подготви и достави месечен план и извештај за практиканството/волонтерството, во примероците кои ќе бидат доставени од Ромаверзитас;
- Практикантот/волонтерот ќе треба да извршува волонтерска работа во минимум 12 часа неделно, односно 48 часа месечно;
- Практикантот/волонтерот ќе треба да изготви излезен труд и истиот да го промовира во настани и медиуми кои ќе бидат организирани од Ромаверзитас како организатор на практиканството/волонтерството.

### <u>Услови за аплицирање</u>

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнат следните услови:

- Да се редовни студенти Роми на додипломски студии на државните или приватните универзитети во РМ во последните две години на студирање [1];

[1] Лицата кои веќе биле корисници на оваа активност во претходните години нема да бидат земени во предвид при селекцијта.

- Да се регистрирани во Е-Ромаверзитас;
- Да се вклучени во активностите на Ромаверзитас.

**Документи за пријавување**

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи:

- Потврда за редовен студент за запишан летен семестар;
- Скен од уверение за положени испити или индекс кој ќе ги содржи сите положени испити;
- Целосно пополнета апликација за доделување на грант за практиканство. Апликацијата можете да ја превземете на линкот https://goo.gl/rN3f1d

Практиканскиот/волонтерскиот ангажман ќе биде регулиран со договор за волонтирање во кој ќе се регулираат правата и обврските на договорните страни, работите кои му се доверуваат на практикантот/волонтерот, времето и начинот на вршење на волонтерската/практикантската работа и висината на волонтерски надоместок, кој ќе изнесува бруто 80 евра, во денарска противвредност.

**Начин и рок на пријавување**

Сите потребни документите за пријавување треба да се испратат по електронски пат на емаил адресата office@romaversitas.org.mk, најдоцна до **22 февруари 2019 година (петок)**. Сите некомплетни и ненавремено испратени апликации нема да бидат разгледани.
Лицата кои веќе биле корисници на оваа активност во претходните години нема да бидат земени во предвид при селекцијта.

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ врз основа на ранг листа од сите апликанти за грантот за практиканство/волонтерство.

**Критериуми за бодување на апликациите и нивниот процентуален удел во евалуацијата**

- Средниот просек на оцени на кандидатот (20%);
- Опишаната цел на планираното практиканство (10%)
- Поврзаноста на работната организација/институција во која планира практиканство кандидатот со студиска програма и идна професија на кандидатот (15%)
- Поврзаноста на работната организација/институција во која планира практиканство кандидатот со спроведувањето на Националната Стратегија за Роми 2014 – 2020 (20%)
- Опишаните лични и професионални цели (10%)
- Опишаните планови за вработување по студиите (5%)
- Обемноста на вклученост во активностите на Ромаверзитас (20%)

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/443-773, секој работен ден од 10.00 до 18:00 часот или електронски на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk**.